ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВЕЛЕС
Примено: 26.04.2022
Прилог: | Вредност:
08 | 43 | 21

# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНИ ФОРУМСКИ СЕСИИ (2)

Во Вардарски плански регион

| | |
|---|---|
| **Координатор:** | Душица Габерова |
| **Модератор/ко-модератор:** | Игор Тасевски / Душица Габерва |
| **Период на известување:** | Прва и втора форумска сесија во период: |
| **Датум на извештај:** | 25.04.2022 |

*Забелешка:*

*Овој извештај треба да ги содржи релевантните информации во врска со текот на форумскиот процес, активностите, предизвиците, како и решенијата на организациските прашања кои се среќаваат во текот на овој извештаен период.*

## 1. АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

### 1.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

#### *1.1.1. Активности за организирање (подготвителни и информативни активности)*

*Опишете ги подготвителните активности за организирање на форумските сесии и форумскиот процес (избор на модератор, ко-модератор, членови на ОГ, распределба на улоги и задачи за спроведување на форумскиот процес).*

*Пред форумските сесии ....*

*Пред форумските сесии се постави структурата за успешно организирање на форумските сесии. Се формира тимот за водење на форумот и тоа модератор и ко-модератор, се формира оперативната група на форумот. Се оствари успешна комуникација со сите вклучени општини во форумот односно се информираа за ограничениот број на учесници од општина и предложената структура на истите. Беше инфомрина јавноста за почетокот на новиот форумски процес во рамките на Вардарскиот плански регион. Беше избран експерт за подготовка на концепт-проекти во рамкте на проектот. Прво се избра сала за реализација на форумите.*

*На првата форумска сесија ....*

*До сите општини беше испратена покана и Дневен ред за присуство на сесијата. За одбележување е присуството во голем број на претставници од сите општини. Присуството на форумот одговараше со препораките од прирачникот и имаше повеќе од 40% жени и повеќе од 20% млади на прават форумска сесија. Оперативната група*

*одлично ја имаше завршено својата работа со посготовката на материјалите за првиот форум, тие беа испечатени и поделени на сите учесници. Изборот на салата одговараше на потребите на фопрумот. Реализацијата на форумот се одвиваше според предвидениот план, а оперативнта група, модератирот и ко-модераторот беа со присутн ите и одговараа на нивните барања. На сесијата во првиот дел се избраа две сесии и имаше 5 предлози за проекти/концепти. Во вториот дел се разговараше за сите предлози од Стратегијата и имаше десетина предлози за концепти. Експертот беше на форумот имаше координација со модераторот и ко-модераторот и ги имаше сите информации од форумоит за да започне со подготовка на концептите.*

*Меѓу првата и втората сесија ....*

*Се работеше на подготовка на материјалите за втората сесија и подготовка на Записникот и извештајот од првата сесија. Се имаше постојана комуникација со општините и експертот. Модераторот, Ко-модераторот, оперативната група и координаторот на проектот беа во постојана комуникација за подготовка на втората форумска сеисја, за мобилизирање на присуство.*

*На втората сесија .....*

*До сите општини беше доставен записникот од првата сесија, поканата за вората сесија и агендата за истата. На втората сесија екперто изврши презентирање на концептите и објаснување на процесот на подготовка на истите. Потоа следеше процес на дискусии и предлози за дополнување на концептите и на крај гласање и рангирање одделно за двете програми таа со средства финансирани од МЛС и СДЦ и таа финансирана со средства од БРР.*

*Опишете ги користените техники на информирање и мобилизација на граѓаните за форумските сесии и за средбите на работните/оперативната групи/-а (покани, телефон, постери, билтени, веб страна, социјални мрежи, медиуми и сл.).*

- По добивањето на известувањето дека Вардарски плански регион ќе реализира форум пристапивме кон избор на модератор од листата на сертифицирани модератори според ЗЕЛС. После добиените понуди, а според утврдените критериуми, искуства и резултати Вардарски плански регон донесе одлука за избор и назначување на лицето Игор Тасевски за модератор на форумот. Паралелно со тоа се одлучи за ко-модератор да биде Душица Габерова, која има релевантно искуство и капацитет за оваа позиција. Исто така беа избрани и назначени членовите на Оперативната група вкупно 6 члена. На состаноците се направи распределаба на обврските на сите во тимот и имавме добра меѓусебна координација. За темстаката-содржинската координација беше одговорен модераторот, а за организационаата ко-модераторот. Членовите на Оперативната група сите добијаа свои обврски кои успешно ги спроведуваа во организациските – техничките подготовки на сесиите и за време на нивната реализација.

По екипирањето се започна со подготовка на форумските сесии. Најпрво се одреди распоредот на форумските сесии 2, 1 во месец март и 1 во месец април.

Оперативната група, модераторот и ко-модераторот меѓу себе се информираа електронски и телефонски и имаа серија на договорни и организациски состаноци за успешна реализација на сесиите.

Општините беа по неколку пати информирани за сесиите и на неколку начини. Име беше испратена покана и дневен ред за првата сесија, а инфомрацијата беше поставена и на веб страната на Вардарски плански региот. Имавме неколку телефонски разговори за потврда

за учеството на претставниците на регионт на првата форумска сесија. За втората фиорумска сесија ги користевме истите алатки каки и за прввиот, но овој пат покрај на општините телефонски им се јавивме и на сите кои присуствуваа на оравата форумска сесија.

*Опишете ги преземените активности пред и после форумските сесиии (како течеше мобилизацијата на граѓани, дали и какви состаноци се одржани во ЕЛС и други релевантни чинители).*

**Оперативната група** се состануваше по потреба пред организирањето на секоја форумска сесија и присуствуваа сите членови – 6 и модераторот вкупно 7. Овие средби се реализираа и физички и електронски. Според половата структура 4 жени и 2 мажи од кои сите Македонци. На состаноците се правеше план за форумот, поделба на обврски, се договараше подготовката на документите потребни за сесијата, администрацијата на истата и слично. Договорите беа и во делот на мотивацијата на граѓаните за нивно вклучување на форумските сесии, односно нивните активности.

**Останати важни средби**

Редовно се одржуваа средби на модераторот, ко-модераторот, односко координаторот на проектот. Всушност се реализираа 6 средби на овој тим на кој се правеше план и поделба на обврските за реализацијата на форумските сесии. Првата средба беше за координирање на процесот, изборот на тимот на Оперативната група, потребните ресурси за процесот, посета на сали кои беа како можни за одржување на форуските сесии и слично. Потоа пред и после секоја форумска сесија (4) се одржуваше координативен состанок за сесијата.

Координативни состаноци со раководителот на Вардарски плански регион. Координаторот имаше 4 состаноци со раковоителот, еден пред почетокот на форумските сесии за запознавање со процесот, и содржината на истиот и една после секоја сесија за информирање на резултатите од истиот.

Имавме средби со експертот ангажиран за подготовка на концептите – проектите во рамките на форумите. На овие 4 средби го информиравме за резултатите од форумот, а тој нас за текот на процесот и подготовката на форумите.

***Преглед на профилот на членови на ОГ***

| **Вкупен број на членови на оперативната група** | **Мажи/жени/ млади** | **Етничка застапеност** |
|---|---|---|
| 6 | 4 жени<br>2 мажи | Македонци |

## 1.2 ФОРУМСКИ СЕСИИ и АКТИВНОСТИ МЕЃУ СЕСИИ

Дадете кратки информации за главните настани и активностите кои се одржани во рамки на периодот на известување во текот на форумските сесии и помеѓу форумски сесии.

### *1.2.1. Форумски сесии*

Дадете информација за број/дата на одржани сесии и број на присутни учесници и нивна структура (етничка и родова застапеност) како и припадност на некоја од ранливите категории[1] според општиот список на учесници.

*Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност и етничка припадност според општиот список*

| ***Сесија*** | | | **1** | **2** |
|---|---|---|---|---|
| ***Дата на одржување*** | | | **11.03.2022** | **14.04.2022** |
| ***Вкупен број на учесници - вкупно (# млади под 34 години)*** | | | ***63*** | ***50*** |
| ***Број на учесници од општ список*** | ***Пол*** | ***М*** | *22* | *21* |
| | | ***Ж*** | *41* | *29* |
| | ***Етничка припадност*** | ***Мак*** | *57* | *40* |
| | | ***Алб*** | *1* | *1* |
| | | ***Тур*** | | |
| | | ***Срп*** | *1* | *1* |
| | | ***Вла*** | | |
| | | ***Ром*** | | |
| | | ***Др*** | | |
| | ***Припадници на ранливи категории*** | *Наведете кои: Стари лица 1 Самохран родители 2* | *3* | *2* |

[1] Овој податок се вади од прашалникот за евалуација

*Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност според списоците по работни маси*

| Работна маса | Сесија 1 | | Сесија 2 | |
|---|---|---|---|---|
| | м | Ж | М | Ж |
| **Социјални услуги** | 1 | 8 | 1 | 6 |
| **Животна средина 2** | 4 | 7 | 3 | 7 |
| **Спорт** | 8 | 3 | 3 | 3 |
| **Образование** | 4 | 8 | 3 | 4 |
| **Животна средина 2** | 2 | 7 | 0 | 4 |
| **Туризам** | 5 | 5 | 5 | 4 |
| | | | | |
| **ВКУПНО** | 24 | 38 | 15 | 28 |

*Опишете го текот на форумските сесии и нејзините постигнувања врз основа на дневниот ред по сесија:*

| **сесија** | **главни точки на дневниот ред** | **главни цели на сесијата** | **опис на главните презентации** *(тема на презентација и презентер)* |
|---|---|---|---|
| *1* | 1.Избор на приоритетни области за проектите финансирани од Грантова шема за инвестициски проекти со дигитална компонента | Избор на приоритетни области. | Модератирот и ко-модераторот со својата презентација присутнте ги запознаа со форумскиот процес во целост, со поградмите и областите. |
| | 2. Структурирање на форумот/распределување по работни маси, утврдување на правила за работа,<br>Презентација на форумскиот процес | Формирање структура на форумот | Си запишување и избор на учесниците беше утврдена структурата на форумот – односно работните маси. |
| | 3. Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со избраните области со кои се соочува планскиот регион, а кои се финансирани од Грантова шема за инвестициски проекти со дигитална компонента на МЛС и СДЦ; | Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со избраните области и подобласти. | Се дефинираа приоритетните регионални проблеми поврзани со идентификуваните области. Се направи групирање на заедничките проблеми и се дадоа предлози за изработка на предлог проекти. |
| | 4. Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со избраните | | Се дефинираа приоритетните регионални проблеми поврзани со идентификуваните области. Се направи групирање на заедничките |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | области со кои се соочува планскиот регион, а кои се финансирани од Програмата за регионален развој за 2022 година со индикативни средства за 2023 година на МЛС и БРР. | | проблеми и се дадоа предлози за изработка на предлог проекти, |
| **2** | 1.Преглед на претходната сесија и работата меѓу сесии. Презентирање на целите на сесијата и осврт на оценката од претходната сесија<br><br>2.Презентација на предлог концептите подготвени од страна на надворешниот експерт, а финансирани од Грантовата шема за инвестициски проекти со дигитална компонента на Министерството за локална самоуправа и Швајцарската агенција за развој и соработка<br><br>Препораки за подобрување на концепт решенијата и прифаќање од страна на форумот<br>3.Рангирање по работни маси<br>4.Презентација на предлог концептите подготвени од страна на надворешниот експерт, а финансирани од Програмата за регионален развој за 2022 година со индикативни средства за 2023 година на МЛС и БРР<br>Препораки за подобрување на концепт решенијата и прифаќање од страна на форумот<br>Рангирање по работни маси | Презентација на предлог концептите подготвени од страна на надворешниот консултант – експертот<br><br>Рангирање на проектите одделно по двете програми. Соопштување на резултатите. | Експертот кој ги подготвуваше концептите Весна Кузмановиќ на пред присутните ја презентираше медотологија на процесот на утврдување на потребите и подготовката на концептите.<br><br>Модераторот и Ко-модераторот, имаа презентација за вториот форум презентирајќи ги целите на форумот, меѓуфорумската работа и резултатите од рангирањето кое го направија вклучените на форумот. |

*Опишете го текот на дискусии за време на форумските сесии:*

| **опис на главните дискусии** | **број на дискусии и дискутанти** *(жени/мажи, етничка припадност, сектор од кои доаѓаат)* | **опис и содржина на дискусијата** *(конкретното прашање или коментар по одреден проблем, конкретната идеја или предлог)* |
|---|---|---|
| ***сесија 1*** | *46 дискусии во двата дела, од 14 дискутанти (7 мажи, 7 жени, 14 македонци, 2 НВО, 4 јавни претпријатија, 8 ЛС)* | *Дискусиите всушнот беа предлози и коменнтари за утврдените проблеми. Како најчесто повторуван проблем во првиот дел беше Проблемот со кучињата скитници и немање на стационар за нив.*<br>*Во вториот дел најчесто повторуван проблем беше инфраструктурниот и тоа со пристапност на објекти улици и функционалност на објекти.* |
| ***сесија 2*** | *8 дискусии во двата дела од 14 дискутанти (10 мажи и 4 жени, 2 НВОм 2 ЈП и 10 ЛС 1 експерт )* | *Дискусиите всушност беа презентации на концепти и коментари за истите.*<br>*Како најмногу дискусирани теми беа:*<br>*Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарскиот плански регион.*<br>*Развој и унапредување на условите за одржување на чиста и здрава околина.* |

*Табела согласно активности по сесија (се преземаат од записник)*

**Табела 1.1.** Приоритетни области (сесија 1)

| Р. бр. | Област | Предложено од | Рангиран/избран | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **инфраструктура** | ЦРВПР | Освоени 31 глас<br>**прво рангиран/избран** | / |
| 2 | економски развој | ЦРВПР | Освоени 17 гласа<br>трето рангиран/не е избран | / |
| 3 | **животна средина** | ЦРВПР | Освоени 26 гласа<br>**второ рангиран/ избран** | / |
| 4 | човечки потенцијали | ЦРВПР | Освоени 4 гласа<br>петто рангиран/ не е избран | / |
| 5 | задржување на младите | ЦРВПР | Освоени 14 гласа<br>четврто рангиран / не е избран | / |

**Табела 1.2.** Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија (сесија 1)

| Дефиниран проблем | Препорака за решавање-предлог идеа | Препорачано од/до | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **Регионален проблем со кучињата скитници, немање на стационар.** | Изградба на регионален стационар/прифатилиште за кучиња скитници. | **Работната маса животна средина 2** | |
| **Немање на примарна селекција на отпадот** | Обезбедување на примарна селекција на отпадот во комуналните институции во Вардарскиот плански регион. | **Работната маса животна средина 2** | |
| **Аерозагаденост во урбани средини** | Мерење на степенот на загаденост на воздухот и превземање на мерки за намалување на истите, преку јакнење на свеста и субвенционирање за бесплатни велосипеди. | **Работната маса животна средина 2** | |
| **Диви депонии покрај државни и локални патишта** | Набавка на соодветна механизација на јавните комунални во Вардарскиот плански регион за редовно функционирање на истите. | **Работната маса животна средина 2** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Немање на центар за рехабилитација на лица со попреченост и други маргинализирани групи** | Изградба на центар за рехабилитација со попречености и други маргинализирани групи. | **Работната маса социјални услуги** | |
| **Недостаток на грижа за стари лица (инфраструктура и социјални услуги)** | Изградба на старечки дом во Вардарски плански регион. | **Работната маса социјални услуги** | |
| **Немање на мобилни тимови за грижа на маргинализирани групи** | Формирање на мобилни тимови за грижа на маргинализирани групи во Вардарскиот плански регион од страна на соодветни јавни или невладини институции. | **Работната маса социјални услуги** | |
| **Недоволно изградени локални патишта, велосипедски патеки и немање информативна инфраструктура** | Подобрување на патната и спортска инфраструктура, преку изградба на патишта и велосипедски и пешачки патеки во вардарскиот плански регион. | **Работната маса туризам** | |
| **Недоволно се заштитени природните водотеци и вештачките езера** | Обезбедување соодветна заштита на природните водотеци и вештачки езера во Вардарскиот плански регион. | **Работната маса туризам** | |
| **Непостоење на Макгеопарк** | Изградба на Геопарк во Вардарскиот плански регион за заштита на природни споменици, класифицирани како геоморфолошки природни споменици. Исто така и промоција на геолошко, етнолошко, природно и историско културно наследство. | **Работната маса туризам** | |
| **Поддржување на проблемот со кучиња скитници, бидејќи беше веќе предложен од масата животна средина 2** | Изградба на регионален стационар/прифатилиште за кучиња скитници. | **Работната маса туризам** | |
| **Непостоење на регионални депонии** | (в.д. директорката на Центарот напомена дека овој проблем се решава на национално ниво) | **Работната маса туризам** | |
| **Решавање на проблемот со кучиња скитници** | Изградба на регионален стационар/прифатилиште за кучиња скитници. | **Работната маса животна средина 1** | |
| **Немање на фотоволтаици на јавни згради** | Набавка на фотоволтаици за јавни згради во Вардарскиот плански регион за намалување на трошоците на електрична енергија. | **Работната маса животна средина 1** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Немање искористеност на сончевата енергија како обновлив извор на енергија за јавни институции** | Искористување на сончевата енергија како обновлив извор на енергија и набавка на фотоволтаици за јавните институции во Вардарски плански регион. | **Работната маса животна средина 1** | |
| **Непостоење на систем за мониторниг и тревога на браната на езеро Младост** | Изградба на систем за мониторинг и тревога на браната на езеро Младост за заштита од многу можни последици, за што е изработена студија. | **Работната маса животна средина 1** | |
| **Инфраструктурно неефикасни образовни институции и немање на фотоволтаици на истите** | Искористување на сончевата енергија како обновлив извор на енергија и набавка на фотоволтаици за јавните институции во Вардарски плански регион. | **Работната маса образование** | |
| **Немање на соодветни инфраструктурни услови за редовно функционирање на Специјалното основно училиште „Маца Овчарова“** | Обезбедување на услови согласно стандардите и прописите за функциунирање на Регионалното специјалното основно училиште „Маца Овчарова“ во Велес, преку изградба на пристапен објект каде што децата, учениците би можеле да ги извршуваат своите дневни задачи, без пречки имајќи ги во предвид нивните потреби. | **Работната маса образование** | |
| **Недоволно развиена спортска инфраструктура** | Изградба на спортски игралишта, велосипедски и пешачки патеки во Вардарскиот плански регион. | **Работната маса спорт** | |
| **Немање на интерес за спортски активности** | Со изградбата на спортски игралишта и патеки ќе се поттикнат младите за поактивно вклучување во спортот. | **Работната маса спорт** | |
| **Немање на слободни wi-fi зони** | Инсталирање на бесплатни wi-fi зони на јавни површини во Вардарскиот плански регион кадде што постои масовна посетеност од граѓани и туристи. | **Работната маса спорт** | |

**Табела 2.2.** Презентирани концепти и препораки од втората форумска сесија (сесија 2)

| Препорака -предлог идеа/концепт | Препорака за подобрување | Забелешка |
|---|---|---|
| **Развој и унапредување на условите за одржување на чиста и здрава околина,** | / | / |

| | | |
|---|---|---|
| **преку набавка на специјализирани возила за одржување на хигиената на јавни површини во општините Демир Капија и Неготино** | | |
| **Развој и унапредување на патната инфраструктура за поголема безбедност на патиштата, преку реконструкција на патишта во општините Градско и Чашка** | / | / |
| **Развој на инфраструктура за подобар економски развој во регионот, преку изградба на пазар за продажба на земјоделски производи** | Треба да се развие стратегија за ваков вид на пазар во сите општини кои меѓусебно ќе комуницираат и разменуваат продукти. Има голем бенефит за производителите и битна е мрежната поставеност. | / |
| **Подобрување на инфраструктурата поврзана со туризмот и спортот, преку реконструкција на паркови и изградба на спортски центри во општините Велес, Свети Николе и Росоман** | Да се поставaт камери и мобилна екипа за обезбедување на сите објекти. | / |
| **Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила во општините од Вардарскиот плански регион** | / | / |

**Табела 2.2.** Одлуки од форумот на втората форумска сесија (сесија 2)

| **Р. бр.** | **Наслов на концептот** | **Носител/Партнер** | **Буџет (МКД)** | **Број на поени** | **Ранг број** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарскиот плански регион** | **ЦРВПР/ Општините Кавадарци, Велес, Градско, Росоман, Неготино, Демир Капија, Лозово, Свети Николе и Чашка.** | **19,870,200.00** | **18** | 1 | / |
| 2 | **Подобрување на социјалните услуги, преку воспоставување на шелтер за семејно насилство** | **ЦРВПР/ Општините Кавадарци, Велес.** | **19,870,200.00** | **10** | 2 | / |
| 3 | **Унапредување на инфраструктурата поврзана со туризмот, преку изградба на велосипедска патека покрај регионален пат** | **ЦРВПР/ Општините Градско, Велес и Росоман.** | **18,256,862.00** | **8** | 3 | / |

### *1.2.2. Работа помеѓу сесии – пред и после сесиите*

*Опишете ги преземените активности пред и после форумските сесии.*

Работата пред и после сесиите беше сведена на активностите на модераторот, ко-модераторот, оперативната група и експертот ангажиран за подготовка на кнцептите.

**Оперативната група** се состануваше по потреба пред организирањето на секоја форумска сесија. Овие средби се реализираа и физички и електронски. На состаноците се правеше план за форумот, поделба на обврски, се договараше подготовката на документите потребни за сеисјата, администрацијата на истата и слично. Договорите беа и во делот на мотивацијата на граѓаните за нивно вклучување на форумските сесии, односно нивните активности.

**Останати важни средби**

Редовно се одржуваа средби на модераторот, ко-модераторот, односко координаторот на проектот. На овие средби правеше план и поделба на обврските за реализацијата на форумските сесии како координирање на процесот, изборот на тимот на Оперативната група, потребните ресурси за процесот, посета на сали кои беа како можни за одржување на форуските сесии и слично. Потоа пред секоја форумска сесија се одржуваше координативен состанок за сесијата која следи.

Координативни состаноци со раководителот на Вардарски плански регион. Координаторот имаше состаноци со раковоителот, еден пред почетокот на форумските сесии за запознавање со процесот, и содржината на истиот и една после секоја сесија за информирање на резултатите од истиот.

Имавме средби со експертот ангажиран за подготовка на концептите – проектите во рамките на форумите. На овие 4 средби го информиравме за резултатите од форумот, а тој нас за текот на процсот и подготовката на форумите.

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ, РЕШЕНИЈА И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Со каков вид проблеми и предизвици се соочуваат во спроведувањето?

Што преземавте за надминување на тешкотиите, кој беше вклучен во решавањето на проблемот, и сл.

Наведете неколку научени лекции како резултат на реализираните активности.

| **Проблеми/ предизвици** | **Преземени активности за нивно надминување** | **Научени лекции** |
|---|---|---|
| | | |

## 3. РЕЗИМЕ

Накратко наведете ги резултатите од форумот, приоритетни проекти, препораките и следните планирани активности поврзани со форумот:

Вардарскиот плански регион има повеќе остварени резултати и придобивки.

Форумот донесе подготовка и рангирање на проекти во две грантови шеми и тоа:

Грантовата шема за инвестициски проекти со дигитална компонента на Министерството за локална самоуправа и Швајцарската агенција за развој и соработка и од Програмата за регионален развој за 2022 година со индикативни средства за 2023 година на МЛС и БРР.

Во првата грантова шема концептите се подготвуваа во две програми и тоа: **инфраструктура и животна средина**. Беа подготвени 3 концепти и тоа:

1. Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарскиот плански регион

2.Подобрување на социјалните услуги, преку воспоставување на шелтер за семејно насилство

3.Унапредување на инфраструктурата поврзана со туризмот, преку изградба на велосипедска патека покрај регионален пат

Како најдобро рангиран беше Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарскиот плански регион со 18 бодови

Во втората грантова шема се подготвуваа 5 концепти и тоа:

1.Развој и унапредување на условите за одржување на чиста и здрава околина, преку набавка на специјализирани возила за одржување на хигиената на јавни површини во општините Демир Капија и Неготино

2.Развој и унапредување на патната инфраструктура за поголема безбедност на патиштата, преку реконструкција на патишта во општините Градско и Чашка

3.Развој на инфраструктура за подобар економски развој во регионот, преку изградба на пазар за продажба на земјоделски производи

4.Подобрување на инфраструктурата поврзана со туризмот и спортот, преку реконструкција на паркови и изградба на спортски центри во општините Велес, Свети Николе и Росоман

5.Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила во општините од Вардарскиот плански регион

Как најдобро рангиран беше: Развој и унапредување на условите за одржување на чиста и здрава околина, преку набавка на специјализирани возила за одржување на хигиената на јавни површини во општините Демир Капија и Неготино.

Во рамките на форумот беа дадени коментари и препораки за сите концепти кои при креирањето на проектите експертот ќе ги има во предвид. Секако форумот донесе и иницијативи за нови партнерства меѓу општините од една страна и можност за презентирање на идеи и иницијативи на граѓните пред поширок аудиториум.

Место, ден, месец, година

Велес,25.04.2022

Одговорно лице

**Прилози:**

*Списоци на учество*

*Записници од фориумски сесии*

*Листа на приоритетни проекти и препораки*

*Фотографии*

*Евиденција на медиумски активности (линкови, објави и сл.)*